Врз основа на член 69 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), Советот на Агенцијата, на седницата одржана на 04.08.2021 година, донесе

# ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА НАМЕНА И РАСПРЕДЕЛБА НА КАПАЦИТЕТИ НА ДИГИТАЛЕН ТЕРЕСТРИЈАЛЕН МУЛТИПЛЕКС НА ОПЕРАТОР НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА КОЈ ИМА ОБВРСКА ЗА ЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ СЕРВИСИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## Член 1

Во Планот за намена и распределба на капацитетите на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/15), во членот 2 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За фреквенцискиот подопсег 694-790 MHz се применува Мултилатералниот рамковен договор, Годоло 2017, склучен помеѓу државите членки на SEDDIF (SOUTH EASTERN DIGITAL DIVIDEND IMPLEMENTATION FORUM) врз основа на Одлуката на Европскиот Парламент 2017/899 од 17.05.2017 година.“

## Член 2

„Прилогот 3 се заменува со нов Прилог 3, кој е составен дел на овој план“.

## Член 3

Во член 5 став 1 од Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс зборовите: „Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

## Член 4

Овој План за изменување на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 01-2917/1
04-08.2021 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Прилог 3. **РАСПРЕДЕЛБА НА МУЛТИПЛЕКСИ ВО ПОДРАЧЈАТА ЗА ЕМИТУВАЊЕ**

| | | **ЈП Македонска радиодифузија** | | **ОПЕРАТОР НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ознака | Име на зона (регион) | MUX 4 | MUX 5 | MUX 6 | MUX 7 |
| Д1 | Црн Врв/ Скопје | 23 | 45 | 33 | 48 |
| Д1 | Црн Врв/ Велес | 23 | 45 | 40 | 47 |
| Д2 | Страцин | 24 | 42 | 37 | 41 |
| Д3 | Туртел | 24 | 39 | 43 | 44 |
| Д4 | Боскија | 34 | 39 | 41 | 44 |
| Д5 | Пелистер | 22 | 37 | 38 | 42 |
| Д6 | Мали Влај | 26 | 36 | 44 | 41 |
| Д7 | Стогово | 28 | 43 | 35 | 21 |
| Д8 | Попова Шапка | 27 | 36 | 41 | 22 |

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски и услуги